Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 15-3537/4
10.10.2023
Скопје-Shkup

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на 05.10.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Дали може производите што им изминува рокот на употреба да се стават на попуст со намалена цена, од страна на трговците на големо и од страна на трговците на мало, без разлика дали се поведени под производи со гарантирана цена или не, имајќи го во предвид член 1 став 3 од Одлуката за дополнување на одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока каде што се вели “Цените на трговија на мало кои се намалуваат поради истекување на рокот на земјоделските и прехрамбрени производи не се сметаат за акциска продажба (акција)“?

-Колку време пред изминување на рокот на употреба, трговецот може да ги стави во промет производите и да ги означи дека на истите им изминува рокот на употреба (пример, на бисквити им изминува рокот на употреба за два месеци, дали може да се стават во промет со ознака дека им изминува рокот на употреба или потребно е пократок рок од неколку денови пред изминување на рокот на употреба?

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од приземје, Скопје имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ви ја доставува информацијата:

Во врска со Вашето прво прашање по наведената Одлука, одговорот е следен: -производите на кои им изминува рокот на употреба може да се стават на попуст со намалена цена, од страна на трговците на мало, без разлика дали се подведени под производи со загарантирана цена, или не.

Во врска со Вашето второ прашање по наведената Одлука, одговорот е следен: -трговецот на мало може да ги стави во промет стоките на коишто им изминува рокот на употреба, со тоа што физички ќе ги одвои и јасно, видливо и читливо ќе ги означи како производи на кои им изминува рокот на употреба, во зависност од видот на производот, при што мора да ги почитува и

да се придржува кон посебните прописи и стандарди во врска со рокот на употреба за тој, конкретен производ.

Во Прилог:

1. Одлука за забрана на трговците да вршат трговија со оддлена стока, Службен весник на РСМ, бр.192 од 14.09.2023 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 10.10.20236 година, под бр. 15-3537/4

Republika Severna Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник